Република Македонија
Бр. ________________
___.____._______ година
С к о п ј е

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот

ЕПП.бр.:

Усогласенот со Годишната програма на Владата: Во согласност со Годишната програма на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот: На првата наредна седница на Владата

Карактер на материјалот:
- слободен пристап

Итност на материјалот: Итен карактер

Прилог:
- Образец за фискални импликации;
- Образец за проценка на влијание на регулативата;
- Финансиски договор, кој треба да се склучи помеѓу ЕИБ и МБПР по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза (на македонски и англиски јазик);
- Договор за гаранција по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, кој ќе се склучи меѓу ЕИБ и Република Македонија (на македонски и англиски јазик).

Дата на доставување на материјалот:
____._____.___________ година

ПОТПИС:

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

______________________________

Изработил: Ана Димитриевска
Проверил: Кристина Павловска / Андрија Алексоски
Одобрил: Дејан Николовски
Согласен: Наташа Стојмановска

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

*М Е М О Р А Н Д У М*

Предлог на Закон
за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
и Министер за финансии

Скопје, Ноември 2013

ПРЕТСТАВНИЦИ:
Зоран Ставрески, Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии
Ардиан Џеладини, Заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии
Дејан Николовски, раководител на сектор, Министерство за финансии

Предлог на Закон
за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот

Скопје, Ноември 2013

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. __________
од __________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот што го утврди на седница ___________________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и Ардиан Целадини, заменик министер за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

_______________________________________

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти, финансиран со заем од Европската инвестициона банка (ЕИБ) започна во 2009 година како мерка одговор на моменталната економска и финансиска криза, а има за цел обезбедување на свеж капитал за малите и средни претпријатија и ублажување на последиците од кризата врз овој сегмент од реалниот сектор, како и поддршка на нови проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз.

Владата на Република Македонија обезбеди вкупно 250 милиони евра за три кредитни линии од ЕИБ по овој Проект. Заклучно со месец октомври 2013 година, од третата фаза на оваа кредитна линија од ЕИБ се повлечени осум транши во вкупен износ од 77.564.618 евра додека вкупен повлечен износ за трите кредитни линии од ЕИБ изнесува 221.591.222 евра, со кој се поддржани 1.009 проекти на трговски друштва (505 од првата, 207 од втората и 297 од треттата кредитна линија) од следниве сектори: производство, услуги, градежништво, трговија, хотел и ресторани, транспорт, здравство и образование и др. Со проектите се реализирани 4.907 работни места.

Како резултат на големиот интерес на малите и средни претпријатија за ваков вид на кредитна линија, Министерството за финансии по барање на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), на 02.04.2013 година со официјално обраќање до ЕИБ ја отпочна постапката за нов, четврт заем во износ од 100.000.000 евра со цел благовремено задоволување на потребите на малите и средните претпријатија и нивната идна поддршка.

Средствата предвидени за реализација на четврта фаза на овој Проект, изнесуваат 100.000.000 евра. Заемопримач ќе биде МБПР, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција. МБПР ќе ја пласира оваа кредитна линија преку деловните банки до крајните корисници. Најмалку 90% од оваа кредитна линија ќе биде наменета за финансирање на мали и средни претпријатија и компании со средна пазарна капитализација, додека под други приоритетни проекти кои можат да се финансираат со најмногу 10% од средствата предвидени за оваа кредитна линија, се подразбираат инвестиции кои ќе бидат преземени од субјекти од приватниот сектор во областа на заштита на животната средина, економија базирана на знаење во рамки на Иницијативата на ЕИБ за иновација 2010, како и енергија, инфраструктура, индустрија и други услужни дејности.

Заемот за проектот е одобрен од страна на Бордот на директори на ЕИБ на 25.10.2013 година. Претставниците на ЕИБ и претставниците на Министерството за финансии и МБПР ги усогласија финалните текстови на следните документи:

- Финансиски договор, кој треба да се склучи меѓу ЕИБ и МБПР по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза; и

- Договор за гаранција по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, кој ќе се склучи меѓу ЕИБ и Република Македонија.

Со цел склучување на Финансиски договор и Договорот за гаранција, потребно е да се донесе законот за издавање на државна гаранција согласно постапката за издавање на државна гаранција утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 88/08 и 35/11).

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Целта на проектот е обезбедување на свеж капитал за малите и средни претпријатија и ублажување на последиците од кризата врз овој сегмент од реалниот сектор. Дополнително, овој Проект има за цел поддршка на нови проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза.

Оттука ЕИБ и МБПР ќе склучат Финансиски договор по истоимениот проект, во износ од 100.000.000 евра, додека Република Македонија ќе ги гарантира обврските кон ЕИБ преку склучување на Договор за гаранција со ЕИБ по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза. МБПР ќе ја пласира оваа кредитна линија до крајните корисници преку деловните банки. Најмалку 90% од оваа кредитна линија ќе биде наменета за финансирање на мали и средни претпријатија и компании со средна пазарна капитализација, додека под други приоритетни проекти кои можат да се финансираат со најмногу 10% од средствата предвидени за оваа кредитна линија, се подразбираат инвестиции кои ќе бидат преземени од субјекти од приватниот сектор во областа на заштита на животната средина, економија базирана на знаење во рамки на Иницијативата на ЕИБ за иновација 2010, како и енергија, инфраструктура, индустрија и други услужни дејности.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупната вредност на кредитната линија за мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - IV фаза, за која ќе се задолжи МБПР, а е финансирана со заем од ЕИБ изнесува 100.000.000 евра.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на законот се образложени во дел III од овој Предлог на Закон и во Образецот за фискални импликации, даден во прилог на овој материјал.

Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот

Член 1

Република Македонија го гарантира исполнувањето на обврските од Финансискиот договор за обезбедување на заем за Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза во износ од 100.000.000 евра, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот, доколку Македонската банка за поддршка на развојот не ги исполнува и сервисира обврските во рокови и услови предвидени во Финансискиот договор.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Финансиски договор кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор од членот 1 од овој закон ќе ги сервисира Македонската банка за поддршка на развојот.

Член 4

Заемот од член 1 од овој закон ќе се повлекува во 15 транши. Минималниот износ на траншата изнесува 5.000.000 евра.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот може да изнесува од најмалку четири години до најмногу осум години од датумот на повлекување на траншата, со вклучен грејс период кој може да биде меѓу 60 дена и две години од датумот на повлекување на траншата.

Рокот за отплата на заемот ќе се одреди за секоја транша одделно на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Македонската банка за поддршка на развојот.

Траншата може да се отплати и еднократно на ден кој е помеѓу три и пет години од денот на повлекување на траншата.

Член 5

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Македонската банка за поддршка на развојот, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Финансискиот договор и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Македонската банка за поддршка на развојот ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Со цел обезбедување на заем од ЕИБ во износ од 100.000.000 евра за Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, потребно е да се склучи Финансиски договор меѓу МБПР и ЕИБ и Договор за гаранција помеѓу Република Македонија и ЕИБ.

Услов за склучување на Финансискиот договор и Договорот за гаранција е донесување на закон за издавање на државна гаранција, согласно постапката за издавање на државна гаранција утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05, 88/08 и 35/11).

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира исполнувањето на обврските од Финансискиот договор, кој ќе се склучи меѓу ЕИБ и МБПР по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза во износ од 100.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Финансискиот договор.

Сервисирањето на заемот ќе го врши МБПР во рокови и услови предвидени во Финансискиот договор.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот може да изнесува од најмалку четири години до најмногу осум години од датумот на повлекување на траншата, со вклучен грејс период кој може да биде меѓу 60 дена и две години од датумот на повлекување на траншата.

Рокот за отплата на заемот ќе се одреди за секоја транша одделно на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Македонската банка за поддршка на развојот.

Траншата може да се отплати и еднократно на ден кој е помеѓу три и пет години од денот на повлекување на траншата.

Повлекувањето на заемот ќе се одвива во 15 транши. Минималниот износ на траншата изнесува 5.000.000 евра. Постапката за повлекување на траншите е следна:

1. МБПР поднесува до ЕИБ на одобрување едно или повеќе барања за алокација на средства од заемот, потенцирајќи го износот на секоја поединечна алокација;
2. Барањата за алокација на средства од заемот се предмет на одобрување од страна на ЕИБ;
3. ЕИБ ја известува МБПР со Писмо за алокација;
4. МБПР поднесува барање за повлекување на транша, со утврдување на условите под кои сака истата да се повлече;
5. ЕИБ доставува Известување за повлекување со кое ги потврдува условите за повлекување на траншата; и
6. Повлекување на траншата.

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Финансискиот договор и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Македонската банка за поддршка на развојот ќе склучат посебен договор.

Поради итноста на склучувањето на Финансискиот договор со цел обезбедување на средства и отпочнување на Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - IV фаза, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза претставува продолжување на успешната реализација на првиот, вториот и третиот проект. Четвртата фаза од овој проект претставува продолжување на поддршката на приватниот сектор од страна на Владата на Република Македонија.

Средствата предвидени за реализација на овој Проект, изнесуваат 100.000.000 евра. Заемопримач ќе биде МБПР, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

Со овој заем ќе се излезе во пресрет на зголемените барања на бизнис заедницата за обезбедување на свеж капитал за потребите на малите и средни претпријатија, кои се интензивираа во последните години под влијание на повеќе фактори кои го поттикнаа развојот на претприемништвото и малите и средни претпријатија (поедноставена регулатива, ниски даноци, намалени трошоци за фирми, олеснет пристап до финансиски средства).

*ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ*

<table>
<tr><td colspan="2">1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот</td><td colspan="2">2. Министерство/орган на државна управа:<br>Министерство за финансии</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Цел на предлогот:<br>Обезбедување на средства за финансирање на мали и средни претпријатија основани во Република Македонија</td><td colspan="2">4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Контакт лице и звање:<br>Дејан Николовски, раководител на сектор</td><td colspan="2">6. Контакт тел./факс или е-пошта:<br>Тел. 3106-381<br>dejan.nikolovski@finance.gov.mk</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="5">7. Активност:</td></tr>
<tr><td>8. Вид на барање:</td><td>( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива</td><td colspan="2">( x ) Нова програма<br>( ) Зголемување/ намалување на постоечка програма</td><td>( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
<tr><td colspan="5">9. Цел на барањето / предложената активност: Со донесување на Законот за гаранција, може да се пристапи кон склучување на Финансиски договор меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот со што се обезбедуваат потребните средства во износ од 100.000.000 евра за реализација на проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза</td></tr>
<tr><td colspan="5">10. Врска со владината програма: Предлогот на закон е во согласност со Програмата на Владата</td></tr>
<tr><td>11. Фискални импликации:</td><td colspan="4">(илјади денари)</td></tr>
<tr><td></td><td>2013</td><td>2014</td><td>2015</td><td>2016</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br><br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (А-Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Ѓ. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:<br>Заем од Европската инвестициона банка | | | | |
| 12. Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе | Европската инвестициона банка (ЕИБ) одобрувањето на заемот во износ од 100.000.000 | | | |

| | |
|---|---|
| произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Г) | евра го условува со давање на гаранција од страна на Република Македонија. Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Финансискиот договор, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза, во рокови и услови предвидени во Финансискиот договор, доколку Македонската банка за поддршка на развојот не ги исполнува и сервисира обврските од Финансискиот договор. |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дадете образложение. | |
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| Одговор на министерството-предлагач: | |
| Одговор од Министерството за финансии: | |
| 19. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |
| 20. Одобрено/дата: ______________________________ Потпис на државен секретар или директор на орган; __/___/______ Ден/месец/ год.; _______________________ Зоран Ставрески Заменик претседател на Влада и Министер за финансии; ___/___/ Ден/месец/год. | |

Изработил: Ана Димитриевска
Проверил: Кристина Павловска / Андрија Алексоски
Одобрил: Дејан Николовски
Согласен: Наташа Стојмановска